**20191882962**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

Врз основа на член 14 од Законот за социјална сигурност за старите лица („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.104/19), министерот за труд и социјална политика, донесе

**ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ НА СОСТОЈБАТА И ВИДОТ НА ПРИХОДИТЕ, ИМОТОТ И ИМОТНИТЕ ПРАВА НА ПОДНОСИТЕЛОТ И НЕГОВИОТ БРАЧЕН ДРУГАР ИЛИ ЛИЦЕ СО КОЕ ЖИВЕЕ ВО ВОНБРАЧНА ЗАЕДНИЦА, ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ ЗА СТАРИТЕ ЛИЦА**

Член 1

Во Правилникот за начинот на утврдување на состојбата и видот на приходите, имотот и имотните права на подносителот и неговиот брачен другар или лице со кое живее во вонбрачна заедница, образецот на барањето и потребната документација за остварување на правото на социјална сигурност за старите лица („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.109/19) во член 2 точката 11 се брише.

Точките 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18 и 19 стануваат точки 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17 и 18.

Член 2

Во член 3 точката 8 се менува и гласи:

„8. пријавени или остварени нето приходи од член 2 точките 3 и 18 од овој правилник, на подносителот и неговиот брачен другар или лице со кое живее во вонбрачна заедница, во вкупна висина до 30 000 денари во последните 12 месеци; “.

По точката 8 се додаваат две нови точки 9 и 10, кои гласат:

„ 9. законска издршка;

10. право на гарантирана минимална помош “.

Член 3

Во член 6 став 1 во точката 16 точката на крајот на реченицата се заменува со точка запирка и се додава нова точка 17, која гласи:

„17. потврда за постојано место на живеење во Република Северна Македонија во последните 15 години пред поднесување на барањето.“.

Во ставот 2 зборовите „точките 2, 3, 4, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 14 и 16“ се заменуваат со зборовите „точките 2, 3, 4, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 14, 16 и 17“.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 10-6541/1
6 септември 2019 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
**Мила Царовска**, с.р.